**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА, 28 мај 2021 година

1) **Натпревсарот ќе се реализира со строго почитување на протоколите за заштита од Covid-19**. Во училиштето треба да влезат само учениците-натпреварувачи, кои по завршувањето на натпреварот треба веднаш да го напуштат училиштето. Сите тестови ќе бидат прегледани од Државната комисија за натпревари по хемија. Решените тестови ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ по завршување на натпреварот.
2) Натпреварот започнува во **12 часот** и **трае 60 минути**. Тестовите предадени по предвиденото време нема да се земат предвид за прегледување.
3) Максималниот број поени што може да се освојат е **30** (15 од прашањата со заокружување, по еден за секое, и 15 од задачите, како што е означено во нив).
4) Тестовите се захефтани заедно со коверти. Во секој коверт има ливче на кое ученикот ги пополнува бараните податоци: име и презиме, училиште, ментор итн., а потоа го затвора (залепува) ковертот.
5) **Ученикот не смее да става никаква ознака на тестот или пликото**. Шифрата на тестот под и на ковертот е внесена од комисијата. Доколку се забележи некаков друг знак на тестот или ковертот, ученикот ќе биде дисквалификуван.
6) Натпреварувачите се должни да носат со себе сино хемиско пенкало. Тестовите се решаваат користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволено да се работи со молив**.
7) **Мобилните телефони** треба да се остават на катедрата на почетокот на натпреварот и да се земат по неговото завршување.
8) За решавање на тестовите може да се користи калкулатор.
9) Забранет е било каков разговор меѓу натпреварувачите и употреба на учебници, книги, тетратки, ливчиња, периоден систем и сл. Сите потребни податоци се дадени во тестот.
10) Натпреварувач што нема да се придржува до овие правила/препораки, ќе биде исклучен од натпреварот.